Машински факултет
Број 02-385/1
22.02.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Пречистен текст (Универзитетски гласник број 282/2014), на предлог на Деканатската управа на Факултетот, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 19-та редовна седница одржана на 22 февруари 2018 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА
за утврдување рокови за одбрана на дипломска работа

1. Со оваа одлука се утврдуваат роковите за одбрана на дипломската работа за студентите на прв циклус/додипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје кои студиите ги завршуваат на студиските програми уредени по кредит трансфер системот од 2004/2005 година.

2. Студентите од точка 1 на оваа одлука кои ги положиле испитите по сите предмети од студиската програма можат да пријават и бранат дипломска работа до крајот на учебната 2019/2020 година на четиригодишните студиски програми, односно до крајот на учебната 2017/2018 година на тригодишните студиски програми.

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, огласна табла, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев